# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.158 од 15.11.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за процена ("Службен весник на Република Македонија" број 115/10), по членот 47 се додава нов член 47-а, кој гласи:

**„Член 47-а**

Бирото за судски вештачења ќе ги врши работите на процена до доделувањето на првата лиценца за процена за проценувач од соодветна област согласно со овој закон.

За издадената прва лиценца од своја надлежност секое надлежно министерство е должно веднаш да го извести Бирото за судски вештачења, кој ќе ги заврши процените земени во работа."

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува една година од денот на влегувањето во сила.